10-08-2021
Бр./Nr 12-3457/6 г./v.

Врз основа на член 22, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата,Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 50-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 23 јули 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12-3457/1 од 08.07.2019 година доставена од познат подносител, физичко лице – по електронска пошта, од електронската адреса --------------------------- ,СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-3457 од 2019 година оформен врз основа на пријаватабр. 12-3457/1 од 08.07.2019 година.

Предметот со број 12-3457од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-3457 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3457/1 од 08.07.2019 година доставена од познат подносител, физичко лице – по електронска пошта , од електронската адреса --------------------------.

Со предметната пријавата се изразуваат сомневања за повреда на правилата во врска со распределба на предметите во Основниот суд ------------------- при што се посочува на предметот --------- бр. -------------- распореден во работа кај судијата ------------------------,како и во Апелациониот суд во ------------- со посочување на судијата ------------------- и на предметите ГЖ бр. -----------, ГЖ бр. -----------и ГЖ бр. --------- на Апелациониот суд во ----------.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата презема процесни дејствија – достава на барање за надлежно постапување и достава на податоци и информации, па имено, поаѓајки од наводите на подносителот, заради целосно утврдување на фактичката состојба, со пимено бр. 12-3457/3 од 03.09.2019 година побара во насока на проверка на наводите, како стварно надлежен орган, да постапи Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Последователно, по повод доставеното барање,до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен писмен одговор, со прилог документација, од Судскиот совет на Република Северна Македонија со кој Државната комисија е известена дека Судскиот совет постапил на предметниот случај на

начин што побарал и прибавил информации и податоци од Основниот суд -------------------- и од Апелациониот суд ------------ за посочените предмети. Врз основа на анализа на истите Судскиот совет, како што се наведува во писмениот одговор, констатирал дека распределбата на предметите на кои посочува подносителот на пријавата и по однос на кои изразува сомневања за сторени повреди на правилата на распределба на предметите, била/е вршена согласно со одребите од Судскиот деловник и од Заклучокот на работното тело за стандардизација на постапките во судовите , па оттаму и дека наводите на подносителот од аспект на злоупотреби и непочитување на правилата за распределба на предметите, во конкретниот случај, се неосновани.

Поаѓајки од се погоре наведено Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по наводите од предметната пријава постапил надлежниот орган – Судскиот совет на РСМ, од чиј писмен одговор се констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека во конкретниот случај нема индиции за евентуална злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на службени/одговорни лица ,па оттаму и дека Државната комисија нема основ за понатамошно постапување согласно со надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата утврдени со член 17 од Законот за спречување на корупцијата исудирот на интереси, односно за евентуално поведување постапка за кривично гонење и/или покренување на иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- подносителот